МАКЕДОНИЈА 2025
Огранок во Република Македонија
Бр. 08-15/1
26.01.2022 год.

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ - - SEKRETARIATI I PERGJITHSHEM -

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје - Shkup

| Примено / E pranuar | 25 01- 2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Ед. / Njësia Org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| 19-6/1 | | / | / |

**Македонија 2025 Огранок во Република Македонија**

Прим: 19-249/1,2,3,4-21

(Име на здружението/ фондацијата)

# ЗАВРШЕН ОПИСЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

## ____ СТЕМ едукација и кариера – предизвик за девојки и млади жени (WomenInStem) ____

(Име на проектот)

**Скопје, 25.01.2022 година**
(место) (датум)


www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на договор за обезбедување на финансиска поддршка | **Бр.19-249/2, 23.7.2021год.** |
| Име на здружението/фондацијата корисник | **Македонија 2025 Огранок во Република Македонија** |
| Наслов на проектот | **СТЕМ едукација и кариера – предизвик за девојки и млади жени (WomenInStem)** |
| Период на спроведување на проектот | **од 03.08.2021 год. до 31.12.2021 година** |
| Лице овластено за застапување на корисникот | **Никица Мојсоска Блажевски, главен извршен директор** |
| Проектен менаџер | **/** |
| Телефон и е-пошта за контакт | **02/3161015 или 075/232792**<br>**nikica@macedonia2025.com** |
| Цел на проектот | **Проектот има за цел да иницира, да поттикне и да ја подигне самосвесноста на младите ученички од средните училишта да продолжат со образование и да градат кариера во СТЕМ областите, со крајна цел на зголемување на бројот на потенцијални студенти во високообразовните институции но и нивно задржување во земјата и спречување на одливот на мозоци.**<br>**Преку акцијата ќе влијаеме да се намали јазот во образованието на младите жени и мажи, да се намали професионалната сегрегација на жените во ниско-платени занимања и професии со мали можности за напредување и да се намали стереотипната поделба на „машки„ и „женски„ професии. На тој начин ќе се намалат и родовите разлики на пазарот на труд (активност, вработеност и плати) и жените ќе имаат поголема улога во економскиот развој и поголема економска независност.** |
| Целна група | **Млади девојки/жени на возраст 13-21 година, кои посетуваат основно, средно образование и факултет од областа на СТЕМ, со фокус на средношколки.** |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | **Најмалку два региони, но одредени активности се имплементирани и влијаат за целата територија**<br>**Локации: Скопје, Битола, Берово, Пехчево, Тетово** |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување на финансиска поддршка) | **600.000 ден.** |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | **600.682 ден.** |

## 2. Резиме: Краток преглед на проектот [illegible]
(Резимето треба да одговара на [illegible])

Проектот „СТЕМ едукација и кариера – предизвик за девојки и млади жени (WomenInStem)„ или "СТЕМувај како девојка" е проект на Македонија2025 кој ги промовира кариерите (професиите) во СТЕМ областа (наука, технологија, инженерство и математика) со главен фокус на СТЕМ едукација и кариера за младите девојки/жени.

Проектот имаше за цел да го намали јазот во образованието на младите жени и мажи, да ја намали професионалната сегрегација на жените во ниско-платени занимања и професии со мали можности за напредување и да ја намали стереотипната поделба на „машки„ и „женски„ професии. На тој начин ќе се намалат и родовите разлики на пазарот на труд (активност, вработеност и плати) и жените ќе имаат поголема улога во економскиот развој и поголема економска независност.

Пристапот кој го користевме при имплементација на овој проект, опфаќаше неколку компоненти, и тоа:

- **Јавна кампања за промоција на СТЕМ кариерите** преку мотивациски говори и споделување на сопствени искуства од страна на жени (од земјава, регионот и дијаспората) кои имаат успешни кариери во некоја од областите на СТЕМ. Целта на овие активности беше да ги поттикне и охрабри младите девојки да направат избор за понатамошно школување и кариера во СТЕМ.

  Промоцијата на кариерите во СТЕМ областа за млади жени се реализираше преку објави на успешни приказни. Во рамките на оваа компонента се вклучија над 35 жени кои самоиницијативно се приклучија во оваа иницијатива.

  Оваа компонента се реализираше преку:

  - мотивациски објави/ пораки се постираат на веб страната и социјалните медиуми на Македонија2025 (Facebook, Instagram и LinkedIn).
  - Се одржаа и 8 мотивациски предавања во 8 средни училишта низ државата (Скопје, Берово, Пехчево, Тетово и Битола). Оваа кампања на промоција генерално ги поттикна младите ученички од средните училишта да градат кариери во оваа област, со крајна цел зголемување на бројот на потенцијални студенти во високообразовните институции но и нивно задржување во земјата и спречување на одливот на мозоци. Со оваа интервенција опфативме над 800 ученици кои беа информирани преку предавањата и им беше подигната свеста и зголемена самодовербатата за избор и градење на СТЕМ кариери. Во овие предавања беа вклучени и момчињата, на кои влијаевме кон рушење на стереотипите за машки и женски професии.
  - Се снимија 8 поткасти со жени со успешна кариера или образование во СТЕМ. Овие подкасти се објавени/или ќе се објават (кампањата е сеуште активна, како би ја одржувале темата присутна подолго време) на веб страната, социјалните медиуми на Македонија2025 (Facebook, Instagram и LinkedIn) и YouTube каналот.

  Објавите за горенаведените активности многу често се споделуваа од нашите партнери во проектот и од самите жени кои беа инволвирани во оваа кампања, што дополнително даде значајност во видливоста на кампањата и опфатот на публиката. И покрај тоа што нашиот таргет беше 4000 млади девојки ќе бидат информирани преку јавната кампања со цел да ги поттикне и охрабри младите девојки да се стремат кон кариери во таа област, сметаме дека видливоста и опфатот што го имаше нашата кампања е речиси двојно поголем.

- **Истражување за главните бариери** – Во оваа компонента, организацијата спроведе теренско истражување за идентификација на препреките и предизвиците со кои се соочуваат девојките за упис и развивање на кариери во областа на СТЕМ. Бариерите беа поделени во три области:

семејството, образованието и пошироокото опкружување. Оваа компонента се базираше на канцелариска (desktop) анализа, и беше спроведен прашалник во 8 средни училишта. Најголемиот дел од активностите беа насочени кон младите девојки на возраст 17-18 години (образование), период кој е клучен при насочување и поттикнување на учениците во изборот на понатамошно образование и кариера. Истражувањата се спроведоа паралелно со одржувањето на мотивациските предавања, односно пред предавањето и после предавањето, со цел да се утврди ефектот од предавањето. Истражувачкиот примерок беше над 500-тини лица. Врз основа на наодите од истражувањето, се развија и предложија мерки и препораки за јавни политики за намалување на главните бариери до сите релеватни чинители во нашата земја, но и регионот.

Организацијата продуцираше два документа:

1. Истражување "ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА ПРЕПРЕКИТЕ И ПРЕДИЗВИЦИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА КАРИЕРА ВО СТЕМ КАЈ МЛАДИТЕ ДЕВОЈКИ" (достапни како електронски верзии на: македонски и англиски јазик)
2. Бриф за политика „СТЕМувај како девојка: Предизвици и препораки за образование и развој на кариерата во СТЕМ кај девојките„ (средни училишта) (достапни како електронски верзии на: македонски, албански и на англиски јазик).

- **Квалитетна практична настава** – Во рамки на оваа компонента ќе обезбедиме и практична настава во врвни македонски претпријатија кои се наши партнери во спроведување на останатите наши редовни активности.

Оваа компонента не се реализираше, поради променетиот и скратен период на имплементација на проектот, кој не дозволува реализација на оваа активност (компаниите овозможуваат практичната настава во летните периоди, а проектот започна во август 2021година).

[illegible] со периодот [illegible]

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| **Р1: 500 млади девојки ќе бидат информирани преку предавања и ќе им биде подигната самодовербата за избор и градење на СТЕМ кариери, преку успешните приказни на жените со кариери во СТЕМ, а 4000 млади девојки ќе бидат информирани преку јавната кампања со цел да ги поттикне и охрабри младите девојки да се стремат кон кариери во таа област.** | | | |
| ***А1.1. Номинирање и избор на успешни жени со кариери во СТЕМ областа во Северна Македонија*** | Оваа активност се спроведе преку покана за пријава испратена на однапред селектирани успешни жени во форма на one drive прашалник во кој жените внесуваа одредени податоци за себе и својата кариера. Поканата главно се испрати кон жени со кариери/образование во СТЕМ областа кои се дел од мрежата на соработници на Македонија 2025 и иницијативата WomenInTech во Северна Македонија. Прашалникот | 31.07- крај на проектот | Над 35 жени самоиницијативно се вклучија во оваа иницијатива.<br>Повеќе од 15 од жените беа избрани да бидат говорнички на јавните настани – мотивациските предавања во средните училишта низ државата.<br>Целиот проект се брендираше со засебно лого и заедно со партнерите започнавме јавна кампања „СТЕМувај како девојка„. Сите настани, објави и снимени материјали и пораки (директни обраќања и испраќање и кратки промотивни, инспиративни и мотивациони пораки) преку социјалните медиуми се брендирани и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | беше составен во првата недела од реализација на проектот и испратен до повеќе од 30 потенцијални жени и нивната вклученост беше во зависност од нивната заинтересираност и достапност за периодот на имплементација на оваа активност. Активноста се прошири и со објавување на јавен повик (на македонски јазик објавен на 09.09.2021г.) и повторен повик и на англиски јазик во октомври, кои беа пласирани преку социјални медиуми, со цел за самоизразување на желба за вклученост на жени од земјава и дијаспората. | | препознатливи.<br>Во рамки на оваа активност имаме продуцирано над 20 инспиративни пораки. До моментот за известување за финалниот извештај имаме објавено 11 инспиративни пораки од СТЕМ жени (од земјава, регионот и дијаспората). Оваа јавна кампања ја спроведувавме преку користење на социјалните медиуми (Facebook, LinkedIn, Instagram) и објави (на веб страната на Македонија2025 и партнерите). Преостанатите пораки ќе се објават во 2022 година, така самиот проект и темата ќе добијат продолжена видливост и влијание. |
| ***А1.2. Селекцијата на средните училишта (и неколку основни училишта) кои ќе сакаат да станат потенцијални слушатели на говорите на жените со успешни кариери во СТЕМ*** | Оваа активност ја започнавме во истиот временски период со првата активност. При изборот на училиштата појдовме од неколку критериуми: 1) регионот во кој се наоѓаат (фокус на два региони), 2) заинтересираност изразена од страна на училиштата/наставниците, 3) претходна вклученост на училиштата во слични иницијативи.<br>Беа избрани вкупно 8 средни училишта со гимназиски програми. Најпрво спроведовме мапирање на средните училишта во регионот, а потоа се испратија писмени барања за соработка и презентација на идејата и концептот на проектот.<br>Во оваа активност, дополнителен акцент се стави на компонентата на диверзификација на примерокот за средни училишта, при што беа вклучени училишта од урбана и рурална средина, и од средини каде има поголема застапеност на малцинско население.<br>Целокупната комуникацијата и селекцијата со училиштата се спроведе во координација со Министерството за образование и наука на РСМ, | 08.2021-11.2021 | Во рамките на оваа активност беа селектирани 8 средни училишта, од кои 5 во Скопје, 1 во Битола, 1 во Тетово и 1 во Берово/со дисперзирани паралелки во Пехчево.<br>Во период септември/октомври 2021 год. реализирани се вкупно 8 мотивациски предавања во средни училишта во гореспоменатите градови. Средните училишта беа најчесто со гимназиска насока, но дел од нив беа и стручни училишта. Дел од настаните се реализираа со комбиниран пристап со физичко присуство на учениците и онлајн присуство на предавачите; делумно со онлајн присуство и на и ученици и предавачите.<br>Во рамките на овие мотивациски предавања се вклучија над 15 жени со успешни кариери или образование во СТЕМ областите. Говорничките беа претежно од Македонија, но имавме и неколку говорнички од дијаспората. Предавањата ги слушаа над 800-тина девојчиња/момчиња кои беа информирани преку предавањата, а резултатите од истражувањето покажаа дека проектот влијаел кон подигање на самодовербата за избор и градење на СТЕМ кариери, но и намалување на стереотипите за машки односно женски професии. Се надеваме дека, индиректно, влијаевме врз родово освестување на момчињата кои ги следеа предавањата. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | односно добивме писмена согласност за спроведување на предавања и истражување од Министерството за образование и наука/ Бирото за развој на образованието. Со ова ја потврдивме нашата позитивна соработка со овие државни институции во изминатиов период. | | |
| ***А1.3. Кампања со мотивациски поткасти од успешни жени со кариери во СТЕМ*** | Серијалот на мотивациски поткасти на успешни жени со кариери во СТЕМ се достапни и видливи за поширока публика преку реализација на организираната кампања на социјалните медиуми.<br>Во период од септември заклучно со октомври остваривме неколку состаноци со професионални агенции за избор на агенција со која би ги снимале серијата од мотивациски подкасти.<br>Активноста се реализираше преку снимање на мотивациски поткасти (со однапред зададени прашања и насоки) во два термина во октомври, а беа селектирани и вклучени номинираните жени од А1 активноста. Дел од жените со кои снимивме поткаст им пристапивме и директно, односно направивме проширување на групата со наставнички, професорки, архитекти и сл. кои се вклучени во СТЕМ образованието, се со цел да се даде видливост и разновидност на професии, кои не беа застапени во групата жени кои самостојно се пријавија. Промоцијата на поткастите ја реализиравме преку различни алатки на социјалните медиуми. | 10-12.2021 | Во средина на октомври беа снимени 6 поткасти со физичко присуство на гостинките. При тоа се користени капацитетите на Europe House, кои исто така дадоа поддршка на проектот. Во месец ноември се снимија дополнителни 3 онјалн поткасти со жени со македонско потекло од дијаспората (Канада и САД). Сите поткасти се монтирани и за нив е направена динамика на објава, согласно целата кампања за проектот.<br>Поткастите се објавени на YouTube каналот на организацијата.<br>Промоцијата на овие серијали се реализира преку користење на различни алатки на социјалните медиуми.<br>До моментот за известување за финалниот извештај имаме објавено 4 поткаста од СТЕМ жени. Преостанатите поткасти ќе се објават во 2022 година, така самиот проект и темата ќе добијат продолжена видливост и влијание. |
| ***А1.4. Снимање на кратки видеа (Тик-ток и други)*** | Согласно планот, од поткастите ќе се монтираат кратки видеа (тик-ток и други) во форма на кратки мотивациски пораки од номинираните успешни жени со кариери во СТЕМ. Истите ќе бидат достапни до целната група до која се обраќаме и сакаме да влијаеме со самата | 11-12.2021г. | Сите мотивациски предавања се снимаа и во план е да се направи избор на кратки мисли на неколку од говорничките, во форма на кратки мотивациски пораки. Промоцијата на овие кратки пораки ќе се реализира како дел од кампањата преку социјалните медиуми. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | акција, а тоа се учениците и студентите од основните, средните и високообразовните институции. | | |
| **Р3: Извршено е влијание врз јавните политики и отворен е јавен дијалог со носителите ан политиките и други важни чинители за ефективни мерки и политики за поголема вклученост на девојките и младите жени во СТЕМ образование** | | | |
| ***А3.1. Истражување за бариерите за поголемо учество на младите жени во СТЕМ (избор на студии и професија) и подготовка на предлог мерки и активности за минимизирање на препреките*** | Истражувањето се одвиваше во две фази. Основите на теренското истражување беа поставени преку канцелариска (desktop) анализа на образовните политики за поттикнување и развој на кариери во СТЕМ областите. Теренското истражување се спроведе со користење на прашалник кој го одговараа средношколките од училиштата каде се реализираа предавања. Се користеа две верзии на прашалник, еден пред предавањата (односно интервенцијата) и едне по спроведнеи предавања. Со првиот прашалник се идентификуваа препреките и предизвиците за упис и развивање на кариери во областа на СТЕМ со фокус на семејството, образованието и поширокото опкружување. Со вториот прашалник се формираше индикаторот на влијание на настапите на жените со успешни кариери во СТЕМ, односно целта на истиот беше да се испита дали има промена (позитивна) во перцепциите на средношколките за избор на кариера во СТЕМ. Истражувањето се одвиваше делумно онјалн и делумно со физичко пополнување на прашалниците (во зависност од договорот со средните училишта како да се реализира поуспешно оваа активност) | 09-11.2021 | Оваа активност се реализираше во целост, во рамки на предвидениот временски период за реализација и согласно предвидената динамика за истото. За потребите на истражувањето, креирани беа двата прашалника на македонски и албански јазик. Со првиот прашалник се идентификуваа препреките и предизвиците за упис и развивање на кариери во областа на СТЕМ со фокус на семејството, образованието и поширокото опкружување. Овој прашалник содржи околу 15-тина прашања, а пристапот и прашањата за бариерите беа поделени во три области поврзани со: семејството, образованието и поширокото опкружување. Вториот прашалник се спроведуваше после одржаните мотивациски предавања и го оценуваше влијание на настапите на жените со успешни СТЕМ кариери врз размислувањето и продолжувањето на образованието во СТЕМ. Овој прашалник е еден вид на скратена форма од претходниот и содржеше 6 прашања. Прашалниците се пополнуваа онјалн или со физичко присуство, во зависност од преференците на средните училишта, но и од начинот на кој се реализираше наставата. Бројот на собрани прашалници (пред и после), односно истражувачкиот примерок е над 500-тини лица. Сметаме дека ова е навистина солидна бројка на опфатени лица со интервенцијата, која влијае на релевантноста на истражувањето, резултатите и препораките. |
| ***А3.2. Развој на нацрт извештај/студија*** | Се изготви Студија за главните препреки за поголема вклученост на девојки/млади жени во СТЕМ образованието и кариерите. Истата беше изработена врз основа на методолошко-академско | 11-12.2021 | Во предвидениот временски период за реализирање на оваа активност од страна на главниот и помошниот истражувач се изготви Студијата/извештајот за главните препреки за поголема вклученост на девојки/млади жени во СТЕМ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | истражување (активност А3.1). Студијата ги опфати резултатите од истражувањето и разви детални препораки за јавните политики (по области на истражување). | | образованието и кариерите. Истражување за бариерите за поголемо учество на младите жени во СТЕМ (избор на студии и професија) беше реализирано и подготвен е пишан документ, со вклучени предлог мерки и активности за минимизирање на препреките. Документот се продуцираше како електронска верзија и е достапен на македонски и англиски јазик. Сметаме дека достапноста на резултатите од истражувањето и видливоста на овој документ на аглсики јазик, дополнително ќе служи во компаративни цели на меѓународната истражувачка јавност. |
| ***А3.4. Производи за дисеминација на резултатите од проектот*** | Главен производ во оваа активност беше подготовка на електронската верзија на Студијата за главните пречки за поголема вклученост на девојки/млади жени во СТЕМ образованието и кариерите. За поголем дофат на пошироката јавност, но и директно засегнатите страни се произведоа custom made производи за застапување и дисеминација на резултатите и препораките од проектот. Тие вкучија: инфографикони, ГИФови и бриф за политиките. Овие производи се дистрибуирани преку социјалните мрежи во електронска верзија. Дел од производите за дисиминација на резултатите беа преведени на јазикот на малцинските заедници. | 11-12.2021 | Главни производи во оваа активност се реализирани согласно динамиката и планот за реализација на проектот, и тоа: електронската верзија на Студијата за главните препреки за поголема вклученост на девојки/млади жени во СТЕМ образованието и кариерите (МК и АНГ верзија), како и електронски верзии на Бриф за политика (МК, АЛБ и АНГ) . Македонската верзија од Брифот за политика е и отпечатена и проследена/дисиминирана до носителите на јавни политики. Во рамки на оваа активност за поголем дофат на пошироката јавност, но и директно засегнатите страни се произведоа custom made производи за застапување и дисеминација на резултатите и препораките од проектот, како: 3 инфографика и 2 ГИФови.<br>Сите документи се објавени на веб страната на Македонија2025.<br>Овие производи се делумно објавени преку социјалните мрежи. Во периодот по завршувањето на проектот ќе продолжиме со објава на некој од производите. |
| ***А3.5. Завршен настан - Панел дискусија за WomenInStem*** | Проектот и првичните наоди од истражувањето беа споделени со учесниците на Самитот на Македонија2025, настан со висока видливост во регионот на Западен Балкан. Настанот беше во хибридна форма, со физичко присуство и онлајн учесници4 . Со оглед на тоа дека Самитот е регионален настан, наодите, искуствата и знаењата беаѕ споделени со | 11.2021 | Во рамки на реализицијата на проектот се одржаа 2 настана поврзани со дискусијата за прелиминарните наоди и политиките со релевантни чинители.<br>а/ 12.11.2021г. специјален настан во склот на Глобалната недела на претприемништво насловен „Можности за едукација и доедукација„.<br>б/ 18.11.2021г. во рамки на Самитот Македонија2025, кој е регионален настан со голема видливост во регионот на Западен Балкан, во рамки на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | релевантни чинители од регионот. | | воведното излагање на извршната директорка се претстави проектот и прелиминарните наоди од спроведеното истражување. Дел од наодите служеа како референца при воведните најави на дел од панелите, кои ја имаа проткаено темата за образованието и дигиталните технологии како влијание на трансформацијата на развојот на индустиите и работните места, и нејзиното влијание на потребата за образованиетo на тие кадри. Овој настан го следеа во живо 150+ учесника, дополнително онлајн публика од 200+. |

## 4. Проблеми во спроведувањето [illegible] активностите на проектот [illegible] проектот)

При спроведување на проектот немаше појава или настанување на проблеми, ниту пак се бележеше билокакво доцнење при спроведување на предвидените/планираните активностите.

## 5. Видливост [illegible] проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| 29.10.2021г. МОТИВАЦИСКО ПРЕДАВАЊЕ Проектот „СТЕМ едукација и кариера – предизвик за девојки и млади жени (WomenInStem)„ во средно училиште Орце Николов, Скопје (комбинирано учество во живо и онлајн на учениците и онлајн на предавачите) | 100-тина | / | https://www.macedonia2025.com/mk/archives/mk-%d1%81%d0%b5%d1%80%d0%b8%d1%98%d0%b0%d0%bb-%d0%be%d0%b4-%d0%bc%d0%be%d1%82%d0%b8%d0%b2%d0%b0%d1%86%d0%b8%d1%81%d0%ba%d0%b8-%d0%bf%d1%80%d0%b5%d0%b4%d0%b0%d0%b2%d0%b0%d1%9a%d0%b0-%d0%b2%d0%be/ |
| 01.11.2021г. МОТИВАЦИСКО ПРЕДАВАЊЕ Проектот „СТЕМ едукација и кариера – предизвик за девојки и млади жени (WomenInStem)„ во средно училиште Ацо | 130 | / | https://www.macedonia2025.com/mk/archives/mk-%d1%81%d0%b5%d1%80%d0%b8%d1%98%d0%b0%d0%bb-%d0%be%d0%b4-%d0%bc%d0%be%d1%82%d0%b8%d0%b2%d0%b0%d1%86%d0%b8%d1%81%d0%ba%d0%b8-%d0%bf%d1%80%d0%b5%d0%b4%d0%b0%d0%b2%d0%b0%d1%9a%d0%b0-%d0%b2%d0%be/ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Русковски, Берово (комбинирано учество во живо на учесниците од Берово и дисперзирани паралелки во Пехчево и онлајн на предавачите) | | | |
| 01.11.2021г. МОТИВАЦИСКО ПРЕДАВАЊЕ Проектот „СТЕМ едукација и кариера – предизвик за девојки и млади жени (WomenInStem)„ во средно училиште Раде Јовчевски Корчагин, Скопје (комбинирано учество во живо на учениците и онлајн на предавачите) | Над 130 | / | https://www.macedonia2025.com/mk/archives/mk-%d1%81%d0%b5%d1%80%d0%b8%d1%98%d0%b0%d0%bb-%d0%be%d0%b4-%d0%bc%d0%be%d1%82%d0%b8%d0%b2%d0%b0%d1%86%d0%b8%d1%81%d0%ba%d0%b8-%d0%bf%d1%80%d0%b5%d0%b4%d0%b0%d0%b2%d0%b0%d1%9a%d0%b0-%d0%b2%d0%be/ |
| 02.11.2021г. МОТИВАЦИСКО ПРЕДАВАЊЕ Проектот „СТЕМ едукација и кариера – предизвик за девојки и млади жени (WomenInStem)„ во средно училиште Јосип Броз Тито, Битола (учество онлајн на учениците и предавачите) | 120 | / | https://www.macedonia2025.com/mk/archives/mk-%d1%81%d0%b5%d1%80%d0%b8%d1%98%d0%b0%d0%bb-%d0%be%d0%b4-%d0%bc%d0%be%d1%82%d0%b8%d0%b2%d0%b0%d1%86%d0%b8%d1%81%d0%ba%d0%b8-%d0%bf%d1%80%d0%b5%d0%b4%d0%b0%d0%b2%d0%b0%d1%9a%d0%b0-%d0%b2%d0%be/ |
| 02.11.2021г. МОТИВАЦИСКО ПРЕДАВАЊЕ Проектот „СТЕМ едукација и кариера – предизвик за девојки и млади жени (WomenInStem)„ во средно училиште Кирил Пејчиновиќ, Тетово (учество онлајн на учениците и предавачите) | 20 | / | https://www.macedonia2025.com/mk/archives/mk-%d1%81%d0%b5%d1%80%d0%b8%d1%98%d0%b0%d0%bb-%d0%be%d0%b4-%d0%bc%d0%be%d1%82%d0%b8%d0%b2%d0%b0%d1%86%d0%b8%d1%81%d0%ba%d0%b8-%d0%bf%d1%80%d0%b5%d0%b4%d0%b0%d0%b2%d0%b0%d1%9a%d0%b0-%d0%b2%d0%be/ |
| 04.11.2021г. МОТИВАЦИСКО ПРЕДАВАЊЕ Проектот „СТЕМ едукација и кариера – предизвик за девојки и млади жени (WomenInStem)„ во средно училиште | 65 | / | https://www.macedonia2025.com/mk/archives/mk-%d1%81%d0%b5%d1%80%d0%b8%d1%98%d0%b0%d0%bb-%d0%be%d0%b4-%d0%bc%d0%be%d1%82%d0%b8%d0%b2%d0%b0%d1%86%d0%b8%d1%81%d0%ba%d0%b8-%d0%bf%d1%80%d0%b5%d0%b4%d0%b0%d0%b2%d0%b0%d1%9a%d0%b0-%d0%b2%d0%be/ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Никола Карев, Скопје (учество онлајн на учениците и предавачите) | | | |
| 05.11.2021г. МОТИВАЦИСКО ПРЕДАВАЊЕ Проектот „СТЕМ едукација и кариера – предизвик за девојки и млади жени (WomenInStem)„ во средно училиште Јосип Броз Тито, Скопје (учество онлајн на учениците и предавачите) | 120 | / | https://www.macedonia2025.com/mk/archives/mk-%d1%81%d0%b5%d1%80%d0%b8%d1%98%d0%b0%d0%bb-%d0%be%d0%b4-%d0%bc%d0%be%d1%82%d0%b8%d0%b2%d0%b0%d1%86%d0%b8%d1%81%d0%ba%d0%b8-%d0%bf%d1%80%d0%b5%d0%b4%d0%b0%d0%b2%d0%b0%d1%9a%d0%b0-%d0%b2%d0%be/ |
| 09.11.2021г. МОТИВАЦИСКО ПРЕДАВАЊЕ Проектот „СТЕМ едукација и кариера – предизвик за девојки и млади жени (WomenInStem)„ во средно училиште Зеф Луш Марку, Скопје (комбинирано учество во живо на учениците и онлајн на предавачите) | 100 | / | https://www.macedonia2025.com/mk/archives/mk-%d1%81%d0%b5%d1%80%d0%b8%d1%98%d0%b0%d0%bb-%d0%be%d0%b4-%d0%bc%d0%be%d1%82%d0%b8%d0%b2%d0%b0%d1%86%d0%b8%d1%81%d0%ba%d0%b8-%d0%bf%d1%80%d0%b5%d0%b4%d0%b0%d0%b2%d0%b0%d1%9a%d0%b0-%d0%b2%d0%be/ |
| 12.11.2021г. специјален настан во склот на Глобалната недела на претприемништво насловен „Можности за едукација и доедукација„ | Околу 50-тина | / | настанот беше онлајн и се пренесуваше во живо на Facebook страната на GEW, Macedonia2025 и WomenInTech In Macedonia страните на фејсбук https://www.facebook.com/GEWNMacedonia/videos/214503720824341 |
| 18.11.2021 Самит Македонија2025 | 150+ 200+ онлајн | | Настанот беше во живо, но и се пренесуваше на зоом Објавен е на YouTube каналот на Македонија2025 |
| СТЕМувај како девојка! ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА ПРЕПРЕКИТЕ И ПРЕДИЗВИЦИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА КАРИЕРА ВО СТЕМ КАЈ МЛАДИТЕ ДЕВОЈКИ – финален извештај од спроведено истражување | | Е-верзија | https://www.macedonia2025.com/mk/archives/stem-it-like-a-girl-identification-of-barriers-and-challenges-for-stem-career-development-of-young-girls/ |
| STEM It like a girl! IDENTIFICATION OF BARRIERS AND CHALLENGES FOR STEM CAREER DEVELOPMENT OF YOUNG GIRLS - final research report | | Е-верзија | https://www.macedonia2025.com/archives/stem-it-like-a-girl-identification-of-barriers-and-challenges-for-stem-career-development-of-young-girls/ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Бриф за политика: СТЕМувај како девојка: Предизвици и препораки за образование и развој на кариерата во СТЕМ кај девојките | | 100 Е-верзија | Е-верзија на следниот линк: https://www.macedonia2025.com/mk/archives/stem-it-like-a-girl-challenges-and-recommendations-for-education-and-development-of-a-stem-career-for-girls/ |
| Dokument për politikat „ STEMO si vajzat: Sfidat dhe rekomandimet për arsimimin dhe zhvillimin në karrierë në STEM te vajzat„ | | Е-верзија | https://www.macedonia2025.com/mk/archives/stem-it-like-a-girl-challenges-and-recommendations-for-education-and-development-of-a-stem-career-for-girls/ |
| Policy brief: STEM it like a girl: Challenges and recommendations for education and development of a STEM career for girls | | Е-верзија | https://www.macedonia2025.com/archives/stem-it-like-a-girl-challenges-and-recommendations-for-education-and-development-of-a-stem-career-for-girls/ |
| Инфографици и ГИФови за проект | | Е-верзија | https://www.macedonia2025.com/mk/archives/%d1%81%d1%82%d0%b5%d0%bc%d1%83%d0%b2%d0%b0%d1%98-%d0%ba%d0%b0%d0%ba%d0%be-%d0%b4%d0%b5%d0%b2%d0%be%d1%98%d0%ba%d0%b0-%d0%b8%d0%bd%d1%84%d0%be%d0%b3%d1%80%d0%b0%d1%84%d0%b8%d1%86%d0%b8-%d0%b8-%d0%b3/ |
| Објавите во медиумите за проектот е прикачено како дополнителен документ во рамки на проектот – Извештај за промотивни активности поврзани со проект | | | |

## [illegible] проектот

Самиот проект и спроведените активности во рамки на истиот имаа директно и видливо влијание и придонесоа кон: а/ информирање, подигање на самодовербата за избор и градење на СТЕМ кариера преку споделување на успешните приказни на над 15 жени (од земјава и дијаспората) со кариери во СТЕМ со над 800 младите девојки и момчиња од 3-та и 4-та година во средно образование; б/ акцијата покажа дека со нашата интервенција (мотивациски предавања) се зголеми интересот за продолжување на образование во високообразовните институции во СТЕМ области и последователно веруваме ќе реализираат кариери во оваа област, односно интенцијата за запишување во СТЕМ образование се зголемила за 3 процентни поени, од 53% на 56%, со значителен пораст на интенција за запишување на комјутерски науки, а намалување за запишување на општествени науки. в/ над 6.000 млади девојки беа информирани преку јавната кампања која да ги поттикне и охрабри младите девојки да се стремат кон кариери во таа област. Дополнително, оваа активност организацијата ќе ја продолжи и во наредната календарска година, така да видливоста на темата и влијанието ќе бидат далеку подолгорочни и поголеми; г/ Извршено е влијание врз јавните политики, преку јавен дијалог и продлабочена соработка со носителите на политики и други важни чинители. д/ Во рамки на проектот се продуцирани документи за развој на политики со вклучени конкретни ефективни мерки и политики за поголема вклученост на девојките и младите жени во СТЕМ образование; ѓ/ превземените активности индиректно и долгорочно ќе придонесат кон намалување и запирање на одливот на мозоци, како и моделирање на кадар кој е високо побаруван на пазарот на труд со вештини, искуство и барање. е/ зголемена видливост и препознаеност на нашата организација како релевантен субјект од граѓанскиот сектор кој ја покрива оваа проблематика.

Во наредниот период организацијата останува посветена на ова проблематика. Имено, "СТЕМувај како девојка" е долгорочна програма на Македонија2025 која ги промовира кариерите (професиите) во СТЕМ областа (наука, технологија, инженерство и математика) со главен фокус на СТЕМ едукација и кариера за

младите девојки/жени. Програмата има за цел да го намали јазот во образованието на младите жени и мажи, да ја намали професионалната сегрегација на жените во нискo-платени занимања и професии со мали можности за напредување и да ја намали стереотипната поделба на „машки„ и „женски„ професии. На тој начин ќе се намалат и родовите разлики на пазарот на труд (активност, вработеност и плати) и жените ќе имаат поголема улога во економскиот развој и поголема економска независност. Нашата организација во следниот период ќе продолжи со активна јавна и медиумска кампања, со зголемен фокус на млади девојки од основното образование (8-мо и 9-то одделение), ќе се спроведе теренско истражување и интервенција кон оваа фокус група, како и ќе се објават компаративни согледувања за бариерите и предизвицире за продолжување на образованието и развој на кариери во СТЕМ областите за Северна Македонија и Србија.

## 7. Финансиски извештај

| Структура на трошоци | Одобрени средства ([illegible] 15.11.2024) | Реализирани трошоци | Забелешки |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **I. Вработени (вкупно)** | **314,965** | **314,966** | |
| Плати | | | |
| **1.1 Проектен менаџер (10%)** | 71,720 | 71,720 | |
| **1.2 Проектен асистент (30%)** | / | / | |
| **1.3 Придонеси и даноци од плати** | 37,690 | 37,690 | |
| Надоместоци и хонорари | | | |
| **1.4 Главен истражувач** | 50,000 | 50,000 | |
| **1.5 Помошен истражувач** | 45,000 | 45,000 | |
| **1.6 1 стручно лица за валидизација и препораки** | / | / | |
| **1.7 Проектен асистент (30%)** | 90,000 | 90,000 | |
| **1.8 Придонеси и даноци од надоместоци и од хонорари** | 20,555 | 20,556 | |
| **II. Патни трошоци (вкупно)** | **11,535** | **11,598** | |
| **2.1 Транспорт** | 11,535 | 11,598 | |
| Хотелско сместување | / | / | |
| Дневници | / | / | |
| **III. Опрема (вкупно)** | **67,000** | **67,000** | |
| ИТ - опрема | / | / | |
| Мебел | / | / | |
| Друга опрема (специфицирај) | / | / | |
| **3.1 Опрема за live стриминг** | 30,000 | 30,000 | Разликата од вкупниот износ на Договорот од 30,500 ден е покриен од сопствени средства на организацијата |
| **3.2 Опрема за хибриден настан во живо (екран, платно)** | 25,000 | 25,000 | Разликата од вкупниот износ во ф-рата од 29,500 ден (став 1) е покриен од сопствени средства на организацијата |
| **3.3 Опрема за озвучување** | 12,000 | 12,000 | Разликата од вкупниот износ во ф-рата од 14,160 (став 2) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | ден е покриен од сопствени средства на организацијата |
| **IV. Канцелариски материјали (вкупно)** | **6,000** | **6,000** | |
| **4.1 Канцелариски материјали** | 6,000 | 6,000 | вишокот потрошени финансиски средства од 2 ф-ри се платени од сопствени извори на организацијата Македонија 2025. |
| Други трошоци (специфицирај) | / | | |
| **V. Други директни трошоци (вкупно)** | **12,500** | **11,072** | |
| **5.1 Трошоци за комуникација Интернет** | 6,000 | 5,827 | |
| **5.2 Банкарски провизии** | 3,000 | 2,000 | |
| **5.3 Постер/Банер и печатење** | 3,500 | 3,245 | |
| **VI. Индиректни трошоци (вкупно)** | / | | |
| Користење канцеларија | / | / | |
| Други индиректни трошоци (специфицирај) | / | / | |
| **VII. Специфични трошоци поврзани со програмата (вкупно)** | **188,000** | **190,046** | |
| Договори за услуги | | | |
| **7.1 Преведувачки услуги** | 35,000 | 35,626 | |
| **7.2 Лекторски услуги** | 6,000 | 5,661 | |
| **7.3 Ангажирање на компанија за кампања на социјалните медиуми** | / | / | |
| **7.4 Изнајмување простории за организирање настани** | / | / | |
| **7.5 Храна и освежување за време на настан** | 48,000 | 48,920 | |
| **7.6 Публикации – дизајн и печатење на финален извештај** | 16,000 | 18,349 | |
| **7.7 Конференции и работилници** | / | / | |
| Комуникациски продукти | | | |
| **7.8 Кратки видео пораки/подкасти** | 48,000 | 48,000 | Разликата во потрошените трошоци по ф-ра се покриени од сопствени финансиски средства на организацијата |
| **7.9 Брифови за политики** | 20,000 | 18,490 | |
| **7.10 Инфографици** | 15,000 | 15,000 | |
| **Вкупни трошоци (I+II+III+IV+V+VI+VII)** | **600,000** | **600,682** | |

Согласно член 10 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка како неоправдани трошоци се сметаат инвестиции во капитал, заеми, камати, глоби и трошоци за судски постапки, набавка на користена опрема, трошоци за дополнително

здравствено и пензиско осигурување (освен задолжителното), трошоци за бонуси кон вработените, трошоци кои веќе се финансираат од други (јавни) средства во текот на спроведувањето на проектот, придонес во натура, трошоци кои не се во согласност со Договорот или целите на проектот.

1. Бриф за политика: СТЕМувај како девојка: Предизвици и препораки за образование и развој на кариерата во СТЕМ кај девојките (печатен документ)
2. Dokument për politikat „STEMO si vajzat: Sfidat dhe rekomandimet për arsimimin dhe zhvillimin në karrierë në STEM te vajzat„ (копија од електронски примерок)
3. Policy brief: STEM it like a girl: Challenges and recommendations for education and development of a STEM career for girls (копија од електронски примерок)
4. СТЕМувај како девојка! ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА ПРЕПРЕКИТЕ И ПРЕДИЗВИЦИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА КАРИЕРА ВО СТЕМ КАЈ МЛАДИТЕ ДЕВОЈКИ – финален извештај од спроведено истражување (копија од електронски примерок)
5. STEM it like a girl! IDENTIFICATION OF BARRIERS AND CHALLENGES FOR STEM CAREER DEVELOPMENT OF YOUNG GIRLS - final research report (копија од електронски примерок)
6. Извештај за промотивни активности во рамки на проектот (вклучува објави, фотографии од настани и линкови до електронските документи)

Финансиска документација по ставки:

***1.1 Проектен менаџер и за 1.3 Придонеси и даноци од плати***

- Платен список
- извод за исплатена плата за Никица Мојсоска Блажевски за месец 08.2021 - извод од 01.09.2021 бр.103
- извод за исплатена плата за Никица Мојсоска Блажевски за месец 09.2021 - извод од 01.10.2021 бр. 115
- извод за исплатена плата за Никица Мојсоска Блажевски за месец 10.2021, - извод од 01.11.2021 бр.130
- извод за исплатена плата за Никица Мојсоска Блажевски за месец 11.2021 год, - извод од 01.12.2021 бр.150

***1.4 Главен истражувач***

- Договор за вршење повремени работи за Ана Томовска Мисоска
- извод за исплатен хонорар на Главен истражувач 50% – извод од 07.09.2021 бр. 105
- извод за исплатен хонорар на Главен истражувач 50% – извод од 02.12.2021 бр. 151

***1.5 Помошен истражувач***

- Договор за вршење повремени работи за Тереза Кочовска Елковски
- извод за исплатен хонорар на Помошен истражувач 50% – извод од 07.09.2021 бр. 105
- извод за исплатен хонорар на Помошен истражувач 50% – извод од 02.12.2021 бр. 151

***1.7 Проектен асистент***

- Договор за вршење повремени работи за Моника Ризовска
- извод за исплатен хонорар на проектен асистент за месец 08.2021 – извод од 07.09.2021 бр. 105
- извод за исплатен хонорар на проектен асистент за месец 09.2021 – извод од 01.10.2021 бр. 115
- извод за исплатен хонорар на проектен асистент за месец 10.2021 - извод од 01.11.2021 бр.130

- извод за исплатен хонорар на проектен асистент за месец 11.2021 - извод од 01.12.2021 бр.150
- извод за исплатен хонорар на проектен асистент за месец 12.2021 - извод од 22.12.2021 бр. 161

***1.8 Придонеси и даноци од надоместоци и од хонорари*** (на изводи наведени во документација приложена за 1.4, 1.5 и 1.7)

***2.1 Транспорт***
- фискална сметка за гориво бр. 0176
- фискална сметка за гориво бр. 0445
- ф-ра бр. 450/21 (такси превоз)
- фискална сметка за такси бр. 0666
- глобал трип (такси сметка) бр. 6295
- глобал трип (такси сметка) бр. 8494
- фискална сметка за гориво бр. 0360
- фискална сметка за гориво бр. 0194

Транспортни трошоци направени за време на реализација на мотивациските предавања и спроведувањето на теренското истражување во средните училишта низ земјава.

***3.1 Опрема за live стриминг***
- Договор за вршење повремени работи за Димитринка Костоска
- Извршено плаќање - Извод од 26.11.2021 година бр. 147
- Разликата од вкупниот износ на Договорот од 30,500 ден е покриен од сопствени средства на организацијата

***3.2 Опрема за хибриден настан во живо (екран, платно) и 3.3 Опрема за озвучување***
- Ф-ра од ДВД плус бр. 133/2021 од 29.11.2021 год.
- Извршено плаќање - Извод од 03.12.2021 година бр. 152
- Разликата од вкупниот износ во ф-рата од 29,500 ден (став 1) е покриен од сопствени средстав на организацијата
- Разликата од вкупниот износ во ф-рата од 14,160 (став 2) ден е покриен од сопствени средства на организацијата

***4.1 Канцелариски материјали***
- Ф-ра од ДППУ Пан Вест доо од 15.10.2021
- Ф-ра од ДППУ Пан Вест доо од 28.10.2021
- Извршено плаќање - Извод од 15.10.2021 бр 121
- Извршено плаќање - Извод од 28.10.2021 бр 128

Разликата односно вишокот потрошени финансиски средства се платени од сопствени извори на организацијата Македонија 2025.

***5.1 Трошоци за комуникација Интернет***
- ф-ра Македонски телеком ад Скопје бр. 018115092021-0 од 31.08.2021 (08 месец)
- ф-ра Македонски телеком ад Скопје бр. 024289102021-7 од 30.09.2021 (09 месец)
- ф-ра Македонски телеком ад Скопје бр. 017115112021-8 од 31.10.2021 (10 месец)
- ф-ра Македонски телеком ад Скопје бр. 019464122021-1 од 30.11.2021 (11 месец)
- Извршено плаќање - Извод од 07.09.2021 бр 105
- Извршено плаќање - Извод од 08.10.2021 бр 117
- Извршено плаќање - Извод од 12.11.2021 бр 138
- Извршено плаќање - Извод од 06.12.2021 бр 153

- од проектот се наплатени 20% од висината на фактурите

***5.2 Банкарски провизии***

- дел од месечна провизија за одржување на сметка и провизии за извршени плаќања за проект

***5.3 Постер/банер и печатење***

- ф-ра Полиестердеј ДООЕЛ бр. 36п321-06235 од 13.10.2021
- ф-ра Полиестердеј ДООЕЛ бр. 36ус21-0551 од 13.10.2021
- Извршено плаќање - Извод од 15.10.2021 бр 121

**7.1 Преведувачки услуги**

- Авторски договор за Грамоз Шабани од 08.10.2021
- Извршено плаќање - Извод од 03.11.2021 година бр. 131
- Авторски договор за Оливер Јордановски од 09.11.2021
- Извршено плаќање - Извод од 26.11.2021 година бр. 147
- Авторски договор за Евдокија Атанасовска од 25.11.2021
- Авторски договор за Грамоз Шабани од 15.12.2021
- Извршено плаќање - Извод од 22.12.2021 година бр. 161 (за Атанасоска и Шабани)
- Ф-ра од ДВД плус бр. 133/2021 од 29.11.2021 год. (ставка кабини за преведување) (приложени во 3.2)
- Извршено плаќање - Извод од 03.12.2021 година бр. 152 (приложени во 3.2)

**7.2 Лекторски услуги**

- Авторски договор за Даниел Медароски од 02.12.2021
- Извршено плаќање - Извод од 06.12.2021 бр 153 (приложен во 5.1)
- Авторски договор за Даниел Медароски од 09.12.2021
- Извршено плаќање - Извод од 22.12.2021 година бр. 161 (приложени во 7.1)

***7.5 Храна и освежување за време на настан***

- Ф-ра хотел Гранд М ДООЕЛ Скопје од 26.11.2021
- Извршено плаќање - Извод од 26.11.2021 бр. 147
- Од проектот се покриени ставки од спецификација: 1, 2, 3 и 8 во висина од 48.920 ден, разликата во ф-рата е покриена од сопствени средства на организацијата

***7.6 Публикации – дизајн и печатење на финален извештај***

- Ф-ра Контура ДОО увоз-извоз Скопје од 17.12.2021 (ставка 1, 2 и 6 + 18% ддв)
- Извршено плаќање - Извод од 21.12.2021 бр. 160

***7.8 Кратки видео пораки/подкасти***

- Ф-ра Фабрика од 26.11.2021
- Извршено плаќање - Извод од 03.12.2021 бр. 152
- Разликата во потрошените трошоци по ф-ра се покриени од сопствени финансиски средства на организацијата

***7.9 Брифови за политики***

- Ф-ра Контура ДОО увоз-извоз Скопје од 17.12.2021 (ставка 3, 4 и 5 + 18% ддв) (приложена под 7.6)
- Извршено плаќање - Извод од 21.12.2021 бр. 160 (приложена под 7.6)
- Авторски договор за Ана Томовска Мисоска од 21.10.2021
- Извршено плаќање - Извод од 22.12.2021 година бр. 161 (приложени во 7.1)

***7.10 Инфографици***

- Договор за вршење повремени работи за Кирил Кочовски од 08.11.2021
- Извршено плаќање - Извод од 22.12.2021 година бр. 161 (приложени во 7.1)

Согласно член 10 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

Скопје, 25.01.2022 год.

(Место) (датум)

**Никица Мојсоска Блажевски**

**главен извршен директор**

(име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата)

М.П.

(Потпис)